# После поплава: мувлата и вашето здравје

Информации за заедницата

Мувлата е вид габички кои живеат на растенија и животински материјал. Мувлата најмногу се проширува во влажни и лошо проветрени простори; таа се размножува создавајќи спори. Кога спорите на мувла што летаат во воздухот ќе паднат на влажни места внатре во куќата, тие може да почнат да се размножуваат и прошируваат.

Не постои практичен начин да се отстрани сета мувла во затворен простор; најдобар пристап е да се стави под контрола изворот на влагата.

## Како изгледа мувлата?

Мувлата често не може да се распознае. Често таа личи на „мов“ или изгледа како дамка, мачканица или промена на бојата. Најчесто мувлата е црна, зелена или бела. Меѓутоа, мувлата може да биде во многу други бои – од сива до портокалова и кафеава.

## Како мувлата делува на луѓето?

Мувлата може да предизвика затнување на носот, кивање, кашлање, „свирење“ во градите и инфекција на белите дробови, а астмата и алергиите да ги направи посериозни. Луѓето со ослабен имунолошки систем, алергии, сериозна астма или заболувања на белите дробови се поподложни на последиците од мувла.

## Спречување на ширењето на мувла

Општо земено, најдобро е мувлата да ја отстраните штом ја видите или намирисате, бидејќи таа може да ги оштети површините на кои се појавила. Што подолго мувлата се шири, толку поголема штета може да направи.

Кога ќе се појави мувлата, прва задача е да се утврди од каде доаѓа влагата. Делови на куќата подложни на растење на мувлата вклучуваат:

- кујните, бањите и пералните - поради кондензација на голема влага и цевки што протекуваат
- шкафовите и ќошињата - поради ограничено проветрување
- ѕидовите или прозорците што се изложени на топол внатрешен воздух и студен надворешен воздух
- ѕидовите и таваните - поради недоволна изолација или дожд што капе низ покривот.

За да го спречите појавувањето на мувла, користете топлина, изолација и проветрување. Најлесен начин за тоа е да ги отворите вратите и прозорците. Каде што постојат, користете вентилатори што го исфрлаат воздухот надвор.

## Проблеми со качување на влагата

Влагата што се качува (rising damp) е влага од почвата што се проширува по ѕидови од тула или камен. Слабото проветрување под куќата или влагата под куќата ќе го влошат проблемот.

Влагата што се качува може да се поправи со инсталирање на нова „damp-course“ или со водоотпорна бариера во ѕидот. Обезбедете процепите „weep holes“ и отворите за проветрување (air vents) на основата на вашата куќа да не бидат покриени. Искусен градежен консултант може да препорача други начини за решавање на проблемот.

## Што може да направите

- Поправете ја водоводната инсталација што протекува и други градежни неисправности.
- Користете вентилатори што воздухот го исфрлуваат надвор или отворете ги прозорците во бањата и кујната кога се капите или готвите, или кога работи машината за миење садови.
- Машината за сушење алишта (dryers) треба да го исфрла воздухот надвор
- Во правосмукалката користете ‘HEPA’ филтер.[1]
- Исчистете ја мувлата штом се појави.

За информации како да ја исчистите и отстраните мувлата видете го информативниот лист *„Отстранување на мувлата од домот“ (Removing mould at home)* на интернет страницата на Health на: www.health.vic.gov.au

## Живеам под кирија во стан или куќа во која има мувла. Каде да побарам помош?

Мувлата може да е последица на некој градежен пропуст што не е лесно да се отстрани. Сопственикот на куќата или станот треба да ја отстрани мувлата предизвикана од неисправни олуци или други инсталации, но станарот мора да обезбеди соодветно проветрување за да се одбегнат проблеми со мувлата зиме.

За натамошни совети станарите може да се јават на Tenants Union of Victoria на (03) 9416 2577.

## Треба ли да се направи тест дали има мувла во мојот дом?

Мувлата обично може да се види, па затоа, општо земено, не е потребно да се направи тест дали дома имате мувла. Ако мислите дека во вашиот дом има мувла, но не можете да го најдете изворот на проблемот (тој може да е скриен некаде во празнините или во таванот) или веќе сте презеле мерки за спречување на ширењето на мувла, но и натаму имате проблеми, може да ангажирате професионален хигиеничар (occupational hygienist) или професионалец за безбедност на здравјето и околината. Со наплатување на услугите, тие професионални лица може да извршат специјалистички тестирања и да дадат совети.

## Појава на мувла после поплава

Поплава, прекумерна влага и насобрана вода може да предизвикаат ширење на мувла во вашиот дом, што пак може да го загрози вашето и здравјето на вашето семејство. Кога ќе се вратите дома, проверете дали некаде се гледа мувла или се чувствува задушлива миризба. Многу мувла веројатно ќе има ако куќата била поплавена повеќе од два дена.

Најважна работа за спречување на појавувањето на мувла е куќата да се исчисти и исуши што поскоро (во рок од 48 часа). Пред да го планирате чистењето, запомнете дека не е секој способен да работи во услови на влага и можеби мувла.

---

[1] HEPA (high efficiency particulate air) филтер е филтер што може да задржи големо количество многу мали честички кои други правосмукалки само би ги вратиле назад во воздухот во вашиот дом.

Следните категории луѓе не треба да се присутни при чистење и поправки по поплава:

- деца (помлади од 12 години, особено бебиња)
- трудни жени
- лица постари од 65 години
- лица со ослабен имунолошки систем, алергии, тешка астма или заболувања на белите дробови.

Претпоставете дека вашиот дом е загаден со мувла ако:

- бил поплавен повеќе од два дена
- е видливо големо проширување на мувлата (повеќе одошто пред поплавата)
- е присутно видливо оштетување од вода или има силна задушлива миризба.

Колку што е попроширено загадувањето, толку е поголем личниот ризик од изложеност при процесот на чистење. Ако загадувањето зафатило голема површина, размислете за ангажирање на професионални чистачи.

Пред чистењето или отстранувањето на водата – или на предмети оштетени со мувла – секогаш побарајте совет од вашата осигурителна компанија.

## Што да облечам за да се заштитам од мувла во поплавен дом?

Ако одите во вашата куќа за да соберете работи, за да ги проверете оштетувањата или направите првично краткотрајно чистење:

- носете  цврсти обувки и гумени или кожни ракавици
- препорачливо е обувките да се отпорни на вода и со гумени ѓонови
- ако не сте чувствителни на мувла, обично не е потребно да се носи заштитна маска.

### Чистење на мувла:

Ако сте решиле да ја отстраните мувлата, обезбедете добро проветрување и носете заштитна облека како што се капа за капење, гумени ракавици, заштита на очите, работен комбинезон (overalls), соодветни обувки и P1 или P2 маска за лице (може да се купи во продавница за алат).

За информации како да ја исчистите и отстраните мувлата, видете го информативниот лист *„Отстранување на мувлата од домот“ (Removing mould at home)* на интернет страницата на Health на: www.health.vic.gov.au

## Чекори за намалување на мувлата по поплава

1. Отстранете ги сите извори на насобрана вода или прекумерна влага.
2. Отстранете ги сите водени предмети и предмети оштетени од поплава, вклучувајќи ги тапетите (wallpaper), гипс-плочите (plasterboard), теписоните (carpet), килимите, постелнината, мадраците, мебелот, полнетите играчки, облеката и други материјали што не можат добро да се исушат или исчистат.
3. Отстранете ги сите материјали (меки или што впиваат течности) на кои има мувла.
4. Оштетените или фрлените предмети привремено сместете ги надвор од дома, на безбедно, чисто и суво место како што се шупа (shed) или гаража, додека да заврши процесот на вашето барање за оштета од осигурителната компанија.
5. Исчистете ги и дезинфицирајте сите површини внатре во куќата, вклучувајќи ги подовите, ѕидовите, кујната, бањата и пералната.
6. Оставете куќата добро да се исуши со проветрување или активно исушување (на пример, со вентилатори или апарати за отстранување на влагата - dehumidifiers).

## Исушување на куќата после поплава

Кога ќе се вратите дома после поплава, отворете ги вратите и прозорците за куќата да се изветрее. Кога ќе биде сигурно и безбедно да се вклучи струјата, за да ја исушите куќата користете вентилатори и апарати за отстранување на влагата.

Клима уреди (air-conditioning) или централно греење не треба да се користат ако се оштетени и загадени со вода од поплавата. Ако мислите дека постои загадување, не ги користете тие системи додека не бидат исчистени и проверени од квалификувано лице.

## Повеќе информации

- Ако вие или некој од вашето семејство не се чувствува добро, побарајте медицинска помош кај вашиот локален доктор.
- За натамошни информации и помош, јавете се на одделот за здрава околината при вашата општина.

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Melbourne.

© Држава Викторија, Department of Health, февруари 2021.